30 ОКТОМВРИ 2023. ДО

ДРУШТВОТО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

ОД МИРЧЕ НЕШОВСКИ, УЛ. "ВАСИЛ ЃОРГОВ" БР. 32-1/41 - СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: ПОДНЕСУВАЊЕ НА КАНДИТАТУРА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ДПМ

-ПРОЛОГОМЕНА ЗА ТВОРЦИТЕТЕ - За оние први кои го запалиле Огнот на знаењето. Симболично, творечкиот знак е во огнот на Зборот, кој е печат за бесконечното кружење на материјата и душата. Светоста во длабочината на битието е во вечната светлина која е основен / централен постулат врз сета меморија на Вселената и е теоријата на небото и постоењето. Врз базата на творечките амлитуди постои огромниот, бесконечниот, невидливо џиновскиот компјутер на Вселената.Отворено е Прашањето за потребата од транспарентност и вкученост на сите членови во различни настани...!?Останува суштинската каузалност на независно од проучувањето и иманентното сфаќање, кое е индивидуално во делата а кои авторот го отвораат преку мистично-мистериозните симболи низ тајните сфери и кои преку онтолошкото како сеопштата поврзаност се постулат на постоење со Демијургот, со Творецот.

Креаторот на дело се во Папочната поврзаност низ невидливиот медиум, кој ја презентира и ја емитува суштината на бивството. Затоа, творечкиот сенс е космички крик, кој е свртен да ги лови бит-информациите, шумовите и кодовите, кои преку Зборот му се отвораат на Творецот... Се отвораат преку Зборот кој е знакот / гласот на биствувањето во бит-информациите. Творецот е над и зад опстојбата врз одењето на високите естетски валери во бесконечните творечки пространства. Високото негово одење е преку заумноста и метафизичноста врз изохипсите на духовните начела и врз опстојбата на огнот...

Творците се оние тајни небесни врати во Библијата во нас, сокриени со седумте печати... Тоа се оние седумте небесни врати кои се зад седумте неба. Тие се зад седумте ѕвезди, а небесните врати можат да се отворат со седумте клучеви, но само во рацете на Избраните.Природно е да се потенцира дека творечкиот чин е како отровение на светот на непознатите проекции, кој се отвора врз потребата за уметничко изразување на егзистенциумот.

БИО – БИБЛИОГРАФИЈА Мирче Нешовски е роден на 29 ноември 1951 година во Скопје. Дипломирал на Филолошкиот факултет – на групата за Јужнословенска книжевност со македонски, словенечки и старословенски јазик.

Поетот – писателот Мирче Нешовски е автор на 12 поетски книги, на 3 романа, раскази, на повеќе електронски извори и на повеќе тематски и стручни критики, од книжевната критика и есеистика, како и културолошки студии во областа на Социологија на уметноста и од библиотечните дејности.

## ПОЕЗИЈА:

„Прозорец на сводот“ (1974), „Бескрајни знаци“ (1990), „Комитска заклетва“ (1991), „Духовна галаксија“ (1997), „Светилката на Монахот“ (1998-избор), „Ентелехија“ (1999),„Ora kozmike“: „Космички часовник“ (1999-избор на албански јазик), „Ентелехија“ (2000-избор на бугарски јазик), „Патријарх на вселената“ - (2004), „Тапија на универзумот“ (2006-избор),„Низ небесната врата“ (2008),„Демијург“ (2016), „Небесна пиета - Том Први“ (2016), „Небесна пиета - Том Втори (2016), „Вознесение“ (2019).

Неговите поезија и проза е објавена и во електронски извори.За неговата поезија пишувале познати македонски автори, критичари и есеисти: Георги Старделов, Анте Поповски, АТАНАС ВАНГЕЛОВ, Катица Ќулавкова, Науме Радически, Ефтим Клетников, Санде Стојчевски, Панде Манојлов, Илија Велев, Јовица Тасевски – Етернијан, Виолета Мартиновска, Џабир Ахмети, Иво Фербежар, Радомир Андриќ, Академик Сретен Перовиќ, академик Матеја Матевски и др., но секако е пишувано и надвор од Македонија, од италијански, руски, американски, англиски, француски, германски, црногорски, српски, словенечки, бугарски, албански критичари.

Автор е на три романи во кои ги опфаќа суштинските егзистенционални прашања за човековиот егзил и бегството на човекот од светските профаности, потецирано преку психолошко – филозофската димензија.

РОМАНИ: „Experiance“ (2009), „Врховниот шеф на ѓаволот“ (2009), „Кабинетот на министрот Фауст“ (2010),„Врховниот шеф на ѓаволот/ Кабинетот на министерот Фауст“ едиција: Небесна Пиета – Том Трети (2020);„Воскресение - - Патот на Духот“- Скопје: Македонија презент, 2020.

Застапуван е во многубројни антологии, избори и панорами на македонската поезија земјата и надвор.

Учествувал во многубројни студиски престои:

-1978 год. бил на постдипломски студии на групата Социологија на уметноста во Белград.

-1988. - Спектарот на активностите во културата со повеќето дејности профилирани се и на Југословенскиот конгрес (1988), со студијата - стручниот проект „Третата технолошка револуција и можностите за комјутеризација на библиотечните дејности“. Овој проект беше преземен и за постдипломските предавања во Белград и во Лондон.

-1993. Бил во Ватикан на студиски престој каде ги истражувал книжевно-истрориските корелации помеѓу македонската и италијанската духовна заложба, како и трезорот на книги за македонските егзистенционални состојби.

## НАГРАДИ:

- 1973 година награда на радио драма „Во воденицата“ од РТВ Загреб;
- 1975 година добитник е на наградата на Книжевна младина на Македонија за поетската книга „Прозорецот на сводот“;
- 1975 година Радио Белград му доделува награда за песната „Сонце“ која е прогласена за најдобра песна од југословенските автори;

- 1988 година од „Либроиталиано“,- италијанска издавачка куќа прогласен е за најдобар странски автор: „Град поет Медитерано“
- 2006 година добитник е на наградата „ФЕНИКС“ што ја доделува општина Центар;
- 2010 добитник е на втората награда „Празник на липите“ – што ја доделува Друштвото на писателите на Македонија за песната „Црквата Свети Константин и Елена“;
- 2014 година добитник е на Првата награда „Празник на липите“ што ја доделува Друштвото на писателите на Македонија за најдобра песна – „Кафеаната Маргер во центарот на Скопје“;
- 2014 година добитник е на наградата „ФЕНИКС“ што ја доделува општина Центар.

ОПШТЕСТВЕНИ АНГАЖМАНИ:

- Од 2006 до 2009 година беше прв претседател на Здружението на македонско-црногорското пријателство во Република Македонија.
- - Од 2009 до денес е почесен претседател, каде несебично се ангажира за развивање на пријателските соодноси на македонско-црногорските взаемности.
- Член е на Друштвото на писателите на Македонија од 1994 година.
- Од 1998-2000 (во еден мандат) беше член на Претседателството на ДПМ давајќи на тој начин свој забележителен прилог во активностите на литературното живеење.
- Од февруари 1972 до октомври 2016 година работеше во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски” во Скопје како библиотекар за селекција на библиотечен материјал и библиотекар за македонскиот задолжителен примерок (МЗП).

## ПРОГРАМА ЗА ЗА РАБОТА НА ДРУШТВОТО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА НА МАКЕДОНИЈА -СЕГМЕНТИ ОД ПРОЦЕСОТ ЗА НОВИНИ ЗА ПРЕОБРАЗБА И ЗАЛОЖБА НА ДПМ.

ДПМ како асоцијација на просветлени умови врз духовната ризница која се приопшува во светската цивилизација како непроценливо богаство на специфичната национална култура, како светол блесок на македонскиот идентитет и дух, треба да се потпира на духовните столбови, кои ќе ја осветлат не само македонската култура, туку ќе ја збогатат и светската култура.

## ЗОШТО ДЕНЕС ИМА НАСУШНА ПОТРЕБА ОД ЕДИНСТВО И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДПМ!?

Кај нас , авторите станале издавачи и успешни бизнисмени, а и прилепени се автори приврзани до нив, кои се фаворизирани и актуелизирани во јавноста.

И понатаму, такви ли ќе ни ја водат писателската асоцијација!? Оние кои преку материјалистистичка профаност, се заборавија, го заборавија творецот – автор. Тие се

заборавија во вреднувањето на делото на  творецот! Заборавија  и на реалното и достојното вреднување и хонорирање на делото.

Во сегментот на хонорирање авторите се крајно обесправени. Останати се назад пред сите земји во окружувањето, да не речеме за земјите од ЕУ. Објавуваат  после две-три-четири или пет години по една поетска книга и за неа ќе добијат скромен надоместок од 30 % проценти.  Останатиот дел останува за издавачот. Исто е и со прозните книга за кои авторот добива несоодветна поддршка, а хонорарите стојат на исто ниво повеќе од 20-тина години. Ова го потенцирам, затоа што досега  не се водело грижа за авторите, грижата била кон и за бизнис–елитата во творечките затворени кругови...

И порано се зборувало за кланови, или затворен круг на група на автори. Е тие што се надвор од кланот, од групата, остануваат секогаш надвор од кругот, остануваат да речам надвор од играта. Со некои од нив кога разговаравме, велат, ако не си вкучен во кругот, не си вклучен ни во играта.Државата, да се грижи и гордее со македонските писатили, кои се слика и меморија на општествениот живот, творците ги остава на маргините, да преживуваат и да живеат повеќе од скромен живот, да не речам беден и недостоинстен живот.  Авторите се оставени самите на себе во социјална беда и фрлени на недостоинственото егзистенционално бунило. Можеби и тоа е судбината на македонските писатели, да бидат замолкнати, да бидат безглсани и девалвирани, за да мошне полесно исчезне македонскиот творечки дух и глас.  Денес уривањето на Друштвото е уривање на македонската национална посебност и во таа насока непходно е посилното единство на македонските писатели.

Во ова време кога некои сумноболни умови, повампирени балкански душодерци, се обидуваат да ја збришат меморијата на земјата Макеонија, некои, квази-политичари, потпомогнати со квази-творци ја угушуваат, ја гушат целата македонска култура и му го одземаат на авторот и онака премалиот воздух за дишење.

Наместо творците да бидат поставени на она повисоко светло место за напредокот на земјата-Македонија, тие со своето молчење како да содејствуваат во бришењето на ВИСТИНАТА за татковината Македонија.

Ако биде избришан македонскиот јазик, името, идентитетот...! Кој ќе чита македонски книги, ако веќе отиде се во неврат!?Македонските книги ќе се ревидираат, а можеби и ќе ги „спалуваат“.Македонските писатели денес, како никогаш досега се потурнати на најниското скалило, како економско така се крши и неговиот македонски сонцељубив дух и му се одзема силата а се кршат и крилјата на креативниот потенцијал.

Сведоци сме за нивното анатемисување и неможноста слободно да ги објават своите дела кои ја имаат  генезата за македонската кауза.

## АКТИВНОСТИ НА ДПМ

- Отворена вклученост на сите членови во работата на Друштвото на писателите на Македонија;

-Промовирање на македонските автори и зачувување на духовните вредности;

- Негување, развивање и афирмирање на македонските културни врски и односи во регионот, Балканот, како и пошироко низ Европа и светот и практикување на идејата за зближување на културите и народите;- Посредување на национално и меѓународно ниво за афирмација на македонската литература;- Иницирање на отвореност на просториите на ДПМ за секој нејзин член, како нивен писателски дом;

- Промовирање и унапредување на граѓанската свет за взаемно уважување; - Поттикнување и посредување на соработка на субјекти од стопанството, межународни организации и фондации и вкучување во творечките афирмативни проекти;-Отвореност на списанието „Стожер“ за сите членови на Друштвото;-Отвореност за тематски трибини и книжевни портрети на творците;-Отвореност кон сите заедници за соработка на културниот натпревар;

- Реализирање и подготовка на развојни проекти и градење на сопствена структура. Да потсетиме дека овој писателски дом е постар од 65 години, кога Друштвото имаше 50-тина членови, додека сега е речиси десетократно зголемено.

Оттука е неопходно да се алармира и бара подостоинствен објект, кој ќе биде олицетворение на македонските светли духовни дејци;

- Градење на долготрајни односи со творечки организации и здруженија на пријателства, заеднци на етникуми, културни аташеа, конзулати и амбасади, се со цел за поширок продор на македонската пишана реч;

- Информирање и мобилизирање на потребите на македонските писатели во македонската и меѓународната јавност;- Правично презентирање и етички кодекс при публикувањето на книгите;- Преглед на социјалниот статус на писателите и ангажирање за надминување на незавидната состојба на творецот во оштествениот живот;-Барање на соддветна квалитативна работа за писателите кои не се во работен однос, но и помагање и лобирање при вработување на неговото потесно семејсто; - Барање на станови за писателите (да потсетиме дека до 80-сетите години на македонските автори им се даваа станови...)- Барање на субвенции за писателите (да потсетиме дека во државата има субвенции од различни видови, за земјоделци, за млади, за хуманитарни организации итн. Овде станува за помала бројка на членови на ДПМ, наспроти дваесет-триесет иљјади субвенцинирани);- Повластици во бесплатен градски и меѓуградски превоз;-Барање на лап-топови за секој член. Такви државата подели во училиштата, универзитетите, во разни институции. Друштвото повторно беше заборавено.-Барање донации за ораганизирање дисперзирани Годишни собранија кои ќе се одржуваат по Програмата а со траење од 3 дена, во некои од хотелските објекти во Републиката,

надвор од просториите на ДПМ. Такви годишни собранија одржуваат многу организации; Сојуз на Слепи, Сојуз на глуви, Национален Сојуз на хуманитарни организации итн, А сето тоа го донирана државата;-Поврзување со УСАИД, Советот за култура на Европа, со слични организации за афирмација и за проекти од Друштвото

-Свикување на донаторска конференција на која ќе бидат поканети странските амбасади, Заедници и Здруженија на пријателства и на кои ќе им биде воочена лошата состојба во која денес се наоѓа македонкиот творец и пред се македонската книга и делата на македонските автори (А тука да нема забуна, станува збор за сите македонски автори, кои се членови на асоцијацијата на ДПМ, за отворена афирамација, без оглед на кој јазик пишуваат: македонски, албански, турски, црногорски, српски, хрватски, босански, ромски, влашки итн. Богатството е во јазиците и во слободата на јазичен израз);

- Декларација за македонскиот јазик, која ќе биде испратена до ОНН, Унеско, Стеј-Департментот, Бундестагот, Думата, Турскиот парламент, и до сите балкански и европски земји

- Барање за месечен надоместок на секој писател, имајќи во предвид дека интелектуалниот труд е апстарктен и исцрпува значително поголема енергија...;-Барање на заштита на авторското дело; -Барање на заштита на авторот и на семејствата на авторот; - Барање на државен откуп на повеќе примероци од публикациите, а не само на лимитиран откуп;- Барање правично и достоинствено да се зголеми авторскиот хонорар;- Барање од платени одмори за писателите во македонските туристички места;

- Барање ДПМ да биде Пантеон на духовните дејци, кои како Корифеи афирмативно ќе ја воздигнат и возвеличат Македонија и ќе дадат нови светли сензори на творечката клима, која ќе ги обединува и соединува врутоците на македонската богата културна ризница, вклучувајќи ги и аедничкте вредности од сите заедници, кои се и светлата отворена река за секој творечки дух, за секој просветлен Орфеј...

Скопје, 30 Отомври 2023. Со почит,

Мирче Нешовски